АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

Мај 2025 Бр.5

## Одбележување на 3 мај – Светски ден на слобода на медиумите

Во контекст на глобално одбележување на Светскиот ден на слободата на медиумите кој годинава беше посветен на длабокото влијание на вештачката интелигенција врз новинарството и медиумите, Агенцијата на 3 мај преку соопштение за јавност потсети дека само професионални и независни медиуми можат да придонесат за одржлив општествен и демократски развој во ерата на брзи технолошки промени.

Во соопштението беше посочено дека слобода на медиумите значи право на новинарите да истражуваат и информираат без какви било притисоци. Но со развојот на вештачката интелигенција оваа слобода добива ново значење и се соочува со нови предизвици. Вештачката интелигенција отвора нови можности за унапредување на истражувачкото новинарство, автоматизација на создавањето содржини и забрзана проверка на факти, но носи и значајни ризици во поглед на генерирање дезинформации, лажни вести и манипулативни видеа.

Вештачката интелигенција претставува вреден ресурс во новинарската практика, но таа не смее да биде целосна замена за темелната проверка, критичкото размислување и објективноста. Во оваа нова реалност, од суштинско значење е медиумите внимателно и одговорно да ги користат овие алатки, придржувајќи се до највисоките етички и професионални стандарди во своето работење.

## Анализа за утврдување на оправданоста за даночни олеснувања за регионалните и локалните радиодифузери

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21 мај ја објави анализата за утврдување на оправданоста за даночни олеснувања за регионалните и локалните радиодифузери со цел да се утврди какви мерки за поддршка е потребно да се воведат за да се поттикне развојот и да се зајакне економската одржливост на регионалните и локалните радиодифузери, поаѓајќи пред се од нивната клучна улога за обезбедување медиумски плурализам и развој на демократските процеси во општеството.

Изработката на овој документ е предвидена во Стратешкиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој го опфаќа периодот од 2024 до 2028 година.

Податоците за економското работење на регионалните и локалните радиодифузери (вкупни приходи, структура на приходите и остварен финансиски резултат од работењето во периодот од 2018 до 2023 година) што се користени во анализата, се обезбедени од страна на самите радиодифузери (во рамки на исполнување на обврската од член 15 од Законот за медиуми, според која тие се должни најдоцна до 31-ви март секоја година на регулаторот да му достават податоци, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата), а нивната валидност е проверена со податоците во завршните сметки на радиодифузерите. Анализата може да се преземе на следниот линк.

## Јавна расправа за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми и начинот на водење на Регистарот

Советот на Агенцијата на 19-та седница одржана на 8 мај, усвои Нацрт – Правилник за формата и содржината на пријавата за упис во регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали и за начинот на водење на регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали и Нацрт-Образец за доставување податоци за обезбедување јавност во работењето на издавачите на онлајн медиуми – интернет портали. За двата документи беше отворена јавна расправа која траеше 15 дена заклучно со 23 мај 2025 година.

Со последните измени и дополнувања на Законот за медиуми е предвидено евидентирање на онлајн медиумите-интернет порталите во Регистар на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали, кој ќе го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело.

Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали ќе се води во електронска форма и ќе содржи основни податоци за издавачот на медиумот (назив и адреса на издавачот на медиумот, име и презиме на одговорното лице, името и интернет адресата на онлајн медиумот и регистрантот на македонскиот.мк или .мкд интернет домен). Образецот содржи податоци за сопственичката структура, уредништво, податоци за економското работење во претходната година и бројот на вработени во медиумот.

Агенцијата ги повика сите заинтересирани страни, со свои мислења и предлози да учествуваат во јавната расправа и истите во писмена форма да ги достават по електронски пат на е-адресата contact@avmu.mk.



# NEWSLETTER

## Надзори врз радиодифузери, ОЈЕКМ и даватели на АВМУ по барање

### Надзори врз радиодифузери

За повеќе законски обврски - употреба на јазикот во програмите; дневно емитување најмалку 8 часа програма на телевизија; дневно емитување најмалку 30% изворно создадена програма како македонски аудио или аудиовизуелни дела; почитување на правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетните лица од програми што би можеле да им наштетат на нивниот физички, психички или морален развој; заштита на личните податоци на малолетните лица; обезбедување квизови или други облици на наградно учество; користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање и емитување игри на среќа, редовен програмски надзор е извршен врз ТВ Ера, ТВ М, ТВ МТМ, ТВ Шутел, ТВ Тера и ТВ Топестрада.

При надзорот беше констатирано дека на програмата на ТВ М и ТВ Тера на 2 мај, емитувани се програми со погрешно применета предупредувачката сигнализација за програма од втората категорија. Од целината на пропишаниот изглед на предупредувачката сигнализација на почетокот и за време на емитувањето недостигаа бројката „8“ и знакот „+“, како показатели на возрасната група гледачи за која е наменета програмата.

Врз истите радиодифузери извршен е и редовен административен надзор за обврските за објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и за обврската за објава на идентификација на радиодифузерот. При надзорот не беа констатирани прекршувања на административните обврски од Законот за медиуми и од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Врз сите 90 радиодифузери извршен е вонреден административен надзор за да се констатира дали некој радиодифузер извршил промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата. Надзорот покажа дека сите радиодифузери постапиле по законските одредби.

### ОЈЕКМ

Агенцијата изврши редовен програмски надзор врз операторите Скупи Кабле, Каблекалл и ИП Системс за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат. При надзорите не беа констатирани прекршувања.

### Даватели на АВМУ по барање

За обврските коишто се однесуваат на пренесување на кинематографски дела и заштита на малолетните лица, извршен е редовен програмски надзор врз давателите на АВМУ по барање Македонски Телеком, Мтел, А1 Македонија и Свод Мастер. При надзорот не беа констатирани прекршувања.

### Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 19-та седница одржана на 8 мај изрече мерка јавна опомена на ТВ Дуе поради необјавен импресум на повеќе програми емитувани на 25 март 2025 година.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk